Бр. 04-16237/2
02 -07- 2025 2025 год.
Скопје

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Сл. весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), а во врска со објавениот интерен оглас бр. 02/2025, објавен на 17.6.2025 година, на веб-страницата на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија, за унапредување на 21 (дваесет и еден) административен службеник, в.д. директорот на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија на 2.7.2025 година донесе:

О Д Л У К А
за избор на кандидат по Интерен оглас бр. 02/2025

1. За извршител на работното место реден број 4 од Огласот **бр. 02/2025** Самостоен стручен соработник за работа со органи на фондот, со звање Самостоен стручен соработник-централа и шифра на работно место ФЗО0102Б04003, во Одделние за управување со човечки ресурси - Сектор за управување со човечки ресурси, 1 (еден) извршител, се избира кандидатот Александар Младеновски.

2. Изборот е извршен врз основа на Финалната ранг-листа на интервјуирани раководни административни службеници и предлог Одлука за избор на прворангираниот кандат по Интерен оглас бр. 02/2025 бр. 04-17240/6 од 1.7.2025 година.

3. Избраниот кандидат ќе биде унапреден на работното место од реден број 4 по конечноста на оваа одлука, со што ќе се донесе решение за унапредување на административен службеник и решение за утврдување на плата.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на добиеното Известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии со архивски број 19-4105/2 од 17.4.2025 година, в.д. директорот на Фондот до Секторот за управување со човечки ресурси упати Барање број 04-13306/2 од 23.5.2025 година, за објавување на Интерен оглас за унапредување на административни службеници во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија. Секторот за управување со човечки ресурси на 17.6.2025 година, објави Интерен оглас број 02/2025 година на веб-стрницата на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и Агенцијата за администрација, за

Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Fax: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
web: www.fzo.org.mk
[1] 04-16237/2 [2025]

унапредување на 21 (дваесет и еден) административен службеник во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административен службеник од точка 1 на оваа одлука Комисијата за унапредување на административен службеник, формирана од страна на в.д. директорот со Решение бр.04-16573/1 од 19.6..2025 година, направи административна селекција и одржа интервју со кандидатот кој што ги исполнува условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија. Врз основа на освоените бодови од административната селекција и освоените бодови од интервјуто, комисијата состави Записник од административна селекција број 04-17240/1 од 26.6.2025 година, за Интерен оглас број 02/2025 за унапредување на 21 (дваесет и еден) административен службеник, Записник за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју по интерен оглас број 02/2025 за унапредување на 21 (дваесет и еден) административен службеник, број 04-17240/5 од 1.7.2025 година, и изготви Финална ранг-листа на интервјуираните кандидати и предлог одлуката за избор на прворангираниот кандидат за интерниот оглас 02/2025 за унапредување број 04-17240/6 од 1.7.2025 година. Врз основа на ранг-листата, в.д. директорот донесе одлука како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенција за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на оваа одлука на веб-страницата на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

В.Д. ДИРЕКТОР
Сашо Клековски

В.Д. ДИРЕКТОР
Бранко Ацигогов

Изготвил: Анета Стојкоска
Контролирал: Радица Димовска
Одобрил: Зоран Печевски
Лектурирал: Виолета Ташаминов

Доставено до:
- Архива на ФЗОРСМ;
- Избраниот кандидат;
- Сектор за управување со човечки ресурси на ФЗОРСМ;

Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Fax: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
web: www.fzo.org.mk